30672

Vallee

ИЗЛОЖБИ

ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ

# Богатство на асоцијативни содржини

## КОН ИЗЛОЖБАТА НА ГРАФИКИ НА ХЕНРИ МУР ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ

Кога повторно се срекаваме со изложба на англискиот уметник Хенри Мур (1898) во Скопје треба да се потсетиме на еден значаен датум. Станува збор за првото презентирање негови дела во неколку југословенски центри, како што е и сега случај, во 1955 година, време на динамични промени и осовременување на нашата уметност. Изложбата на Мур дојде во време на забрзани процеси на ослободување на нашата уметност од соцреалистичките норми, како резултат на започнатиот процес на демократизација во сите сфери на општествениот и културниот живот во Југославија. Изложбата делуваше поттикнувачки и за некои македонски уметници и помагаше во освојувањето на современиот концепт во уметноста, покренувајќи го и развојот на современата критичка мисла и теорија кај нас.

Ова второ презентирање на дела од Хенри Мур, со некомплетен ретроспективен приказ на графики, се прифаќа посмирено од една временска дистанца што овозможува посеопфатно согледување на неговиот опус. Презентираните сто графички листови, кои датираат од 1931. до 1980 година, во техника дрворез, литографија, бакропис и друго, укажуваат на главните стилски карактеристики и тематски преокупации во неговото творештво. Цртежот и графиката се неделливи од скулптурата на Мур преставувајќи нејзина подготовка и дополна, во форма на скица, студија или творба со автономни вредности. Во таа смисла се согледуваат битните развојни етапи и специфичности во неговото творештво укажувајќи на взаемното проткајување, дополнување и напоредно истражување во медиумот на скулптурата, цртежот и графиката.

Кога се зборува за Хенри Мур пред се предвид се има неговата единствена улога во развојот на современата светска скулптура. Тој покажа ретка сила и моќ да ги асимилира поуките на старата уметност (архаична, грчка, египетска, претколумбиската јужноамериканска уметност, посебно на Маите и мексиканската африканската уметност и онаа на островите на Јужните мориња и тн.) и творечки да ги транспонира во современо конципиран пластичен облик на кој му даде сопствен личен печат. Мур ги црпи изворите на својата уметност од природата и човекот, еманципирајќи го обликот од опис и нарација. Тој го афирмира и подигна значењето на уметноста на слободниот пластичен облик во кој се структурирани и на симболичен начин содржани хумани и психолошки содржини. Без оглед дали се работи за формално апстрахирање на обликот во предвоениот период (околу 1937) или за враќање на фигуративното (по 1940 година) делата на Мур, во специфичното поврзување на апстрактното и фигуративното, содржат автономна внатрешна енергија, виталност или анимизам. Во набрекнатиот облик се структуирани органското и анорганското, натуралното и психолошкото тактичното, надреалното и асоцијативното. Тој ја продлабочува релацијата на формата и просторот, компактниот или пробиен волумен архитектонски го конципира и интегрира. Монументалната форма, витална и митска, успешно кореспондира поставена во пејзаж, урбан простор и архитектура.

Циклусот цртежи на тема Засолништа направени за време на војната во Лондонските метроа доживеаја светска слава потврдувајќи ја уметниковата поврзаност со човекот и неговата судбина—трагизмот на војната. Мур во цртеж и графика обработува и други теми (човечка фигура, анимални претстави, Стоунхенџ, дрвја, и др.) но најкарактеристични се варијациите на лежечка фигура, мајка, женска фигура низ кои можат да се пратат стилските етапи во неговото творештво. Во графиките се чувствува стабилната форма градена цврсто и логично што ја изразува карактеристичната муровска експресија и богатство на асоцијативни содржини. Одлучната линија, тонската, црно—бела и во боја, градација на формата како и ефектите на светло—темното се основните средства со кои Мур и во графиката ги изразува експресивните содржини карактеристични за неговото творештво во целина.